











1985-2020
FESTOJMË
35
VITE
PRODHIM
TË
NGARKUESVE
BACKHOE

# ЗАПОЗНАЈТЕ СЕ
# СО ЛИНИЈАТА РОВОКОПАЧИ-НАТОВАРУВАЧИ CAT®

Teknoxgroup CAT®

# ВИЕ СТЕ ВО СИГУРНИ РАЦЕ

**ПРЕД ИНТЕРНЕТОТ, ПРЕД ТЕЛЕВИЗИЈАТА ВО БОЈА, ПРЕД ЧОВЕКОТ ДА СТАПНЕ НА МЕСЕЧИНАТА, CATERPILLAR ЗАПОЧНА ДА СОЗДАВА МАШИНЕРИЈА. ПРОИЗВЕДУВАМЕ ГРАДЕЖНА ОПРЕМА СО НАЈВИСОК КВАЛИТЕТ ПОВЕЌЕ ОД 90 ГОДИНИ.**

## НОВИ МАШИНИ, ОРИГИНАЛНА ДНК

Првиот ровокопач-натоварувач Cat® беше пуштен во употреба во 1985 год.

Машината беше заеднички развиена од дизајнерски тим од Илиноис, САД, и производствен тим од Десфорд, Обединетото Кралство.

Потребите и работата на клиентите се имаат променето во изминатите 35 години, но денешните ровокопачи-натоварувачи
остануваат верни на силните карактеристики на оригиналната серија А од 1985 година.

Машините сè уште се дизајнирани од експерти за да се исполнат очекувањата на денешните ракувачи. Секој модел овозможува сигурност, моќ и работна средина за ракувачот со врвен квалитет кои се ваша сигурна потпора и при најтешките проекти.

Најновата линија ровокопачи-натоварувачи е изработена од 35-годишна љубов кон работата, експертиза и искуство.







**РУСЛАН ЧЕРНИЧУК,
РАКУВАЧ ВО IN HARDCAR LLC**

# ДИЗАЈНИРАНИ ЗА ДА ВИ ГО ОЛЕСНАТ ЖИВОТОТ

**ИМА МНОГУ КАРАКТЕРИСТИКИ КОИ ГИ ПРАВАТ РОВОКОПАЧИТЕ-НАТОВАРУВАЧИ CAT ЛЕСНИ ЗА ЧУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ. ОНА ШТО Е ТЕШКО Е ЗА КОЈ МОДЕЛ ДА СЕ ОДЛУЧИТЕ!**

## ИЗБОР НА МОТОР

Секој модел го содржи нашиот Cat мотор, дизајниран за моќност, сигурност и ефикасност во однос на потрошувачката на гориво. Има две опции на располагање: мотор 3054C што одговара на стандардите за емисија на издувни гасови ТИЕР 2 и мотор C4.4  што одговара на стандардите ТИЕР 3. И двата нудат широк спектар на моќност.

## ЛЕСНО МЕНУВАЊЕ БРЗИНИ

Трансмисијата без прекин на погонот со четири брзини го олеснува менувањето брзини со менувачот *power shuttle*. Бидејќи менувачот на брзини не е монтиран на подот, можете да уживате во поголем простор во кабината.

## УДОБНОСТ И КОНТРОЛА

Џојстик контролите се достапни за ракувачите кои сакаат малку повеќе удобност и контрола во својата работа. Можете да ги прилагодите овие контроли на положбата која ви одговара. Ова му ги олеснува долгите денови поминати во кабината на секој ракувач.

## ЛЕСНИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ

Овие машини се дизајнирани за да го олеснат секојдневното одржување. Главните предности вклучуваат лесно достапен систем за ладење поставен на шарки - што го одржува моторот ладен; осовини на кои не им е потребно подмачкување и вертикално намонтирани филтри за сервисирање без истекување и намалено контаминирање на масло.





# МАШИНА ЗА ЦЕЛ ЖИВОТ

**Што ѝ помага на компанијата да порасне? PromGrazhdanStroy веруваат дека комбинираните ровокопачи-натоварувачи Cat се незаменливи. „Несомнено, тоа е вистинскиот избор на машина!“**

„Ненадминливи се кога станува збор за уредување на пејзажот, – Иван Грачев, генерален директор на компанијата вели, – ровокопачот-натоварувач 428 е перфектен соработник на ракувачот.”

Роман Опарин, ракувач во истата компанија, го фали овој конкретен модел поради одличната видливост, добрата хидраулика и комфорот. Руслан Черничук, ракувач во in Hardcar LLC, го потврдува истото, а ги спомнува и моќниот мотор и универзалноста на машината.

Управата на Mantrac Vostok ја привлече огромниот избор на најразлични достапни приклучоци кои овозможуваат ровокопачот-натоварувач 428 да извршува секаков вид работа на градилиштето.

Олга Ипатова, раководител на Одделот за развој на продажба во Mantrac Vostok LLC, тврди: „Одличниот квалитет на изработка, едноставното секојдневно одржување, пристапноста за клиентите и подготвеноста да понуди многубројни решенија нè убедија дека донесовме правилна одлука да влеземе во партнерство со Caterpillar.”

# КОЈ МОДЕЛ
# ЌЕ ГО ИЗБЕРЕТЕ?

**ПОСТОЈАТ ПЕТ МОДЕЛИ НА РОВОКОПАЧИ-НАТОВАРУВАЧИ ОД КОИ МОЖЕ ДА ИЗБЕРЕТЕ. СЕКОЈ ОД НИВ Е ПОИНАКОВ, НО СИТЕ НУДАТ МНОГУ ПОГОЛЕМА УДОБНОСТ И КОНТРОЛА ОД КОГА БИЛО ПОРАНО.**

СЕКОЈ МОДЕЛ ВКЛУЧУВА:

- Cat мотор
- Cat менувач
- Прочуена гранка Cat, како кај ровокопач
- Моќна хидраулика секогаш кога ви е потребна
- Пристап до податоците на Product Link™ за да ви помогнат да ја зголемите продуктивноста и да ги намалите трошоците.





## 428

| | |
|---|---|
| **МОЌНОСТ НА МОТОР** | 68.5 kW / 74.5 kW одговара на T2<br>70 kW / 74.5 kW одговара на T3 |
| **ДЛАБОЧИНА НА ИСКОПУВАЊЕ** | 4778 mm / 57mm (телескопска стрела) |
| **КАПАЦИТЕТ НА КРЕВАЊЕ ТОВАР** | 728 kg |
| **КОНТРОЛИ** | Механички / Механички<br>Механички / Пилот |





## 432

- МОЌНОСТ НА МОТОР: 74.5 kW одговара на T2 / 74.5 kW одговара на T3
- ДЛАБОЧИНА НА ИСКОПУВАЊЕ: 4778 mm / 6169 mm (телескопска стрела *performance*)
- КАПАЦИТЕТ НА КРЕВАЊЕ ТОВАР: 3728 kg
- КОНТРОЛИ: Електрохидраулика / Пилот



## 434

- МОЌНОСТ НА МОТОР: 68.5 kW / 74.5 kW одговара на T2 / 74.5 kW одговара на T3
- ДЛАБОЧИНА НА ИСКОПУВАЊЕ: 4827 mm / 5748 mm (телескопска стрела)
- КАПАЦИТЕТ НА КРЕВАЊЕ ТОВАР: 4626 kg
- КОНТРОЛИ: Механички / Механички; Механички / Пилот



## 444

- МОЌНОСТ НА МОТОР: 74.5 kW одговара на T2 / 74.5 kW одговара на T3
- ДЛАБОЧИНА НА ИСКОПУВАЊЕ: 4826 mm / 6218 mm (телескопска стрела *performance*)
- КАПАЦИТЕТ НА КРЕВАЊЕ ТОВАР: 4663 kg
- КОНТРОЛИ: Електрохидраулика / Пилот



# ЛЕСНО ОДРЖУВАЊЕ

**Извлечете максимум од вашата машина.**

- Осовини кои лесно се одржуваат – не е потребно подмачкување
- Вертикални филтри за сервисирање без истекување и намалено контаминирање на масло
- Систем за ладење поставен на шарки – во ладилниците не се собираат остатоци, а моторот е поладен
- Хауба којашто лесно се отвора и со тоа го олеснува одржувањето
- Пристап до моторот од ниво на приземје
- Прилагодливи подлошки за стабилизаторот и растегливата телескопска стрела




# CAT® МОТОР

**Секој модел е опремен со моќен, ефикасен Cat мотор**

Со моторот Cat вашиот ровокопач-натоварувач ќе ви овозможи врвни перформанси со највисока класа на ефикасност во однос на потрошувачката на гориво. На располагање се две опции на мотор: 3054C што одговара на стандардите за емисија на издувни гасови Tier 2 и C4.4 што одговара на стандардите Tier 3. И двата нудат широк спектар на моќност.



# ТРАНСМИСИЈА БЕЗ ПРЕКИН НА ПОГОНОТ

**Уживајте во непречено и ефикасно менување брзини во движење.**

Едноставно свртете го менувачот *power shuttle* за да ги промените брзините. Менувачот има ергономски дизајн којшто нуди лесно и удобно менување на брзините. Нема менувач монтиран на подот, па затоа имате повеќе работен простор




# ПИЛОТСКИ КОНТРОЛИ ЗА КОПАЊЕ

**Уживајте во поглатко ракување – цел ден, секој ден**

Со пилотските контроли за копање, можете да ја управувате машината непречено и прецизно. Џојстиците се монтирани на целосно прилагодливи подлоги за да може да ги поставите како што најмногу ви одговара.



За да дознаете повеќе за новите комбинирани ровокопачи -натоварувачи, исконтактирајте го вашиот локален дистрибутер на Cat или посетете ја www.teknoxgroup.mk

Теноксгруп Македонија Дооел

Ул.20 бр.32 нас.место Бразда
1010 Чучер Сандево Скопје
Република Северна Македонија

02 252 72 05
02 252 71 27

contact-mk@teknoxgroup.com www.teknoxgroup.mk FB: teknoxgroup.cat

© 2020 Caterpillar. Сите права се задржани. CAT, CATERPILLAR, LET'S DO THE WORK, нивните логоа, препознатливиот изглед на „Caterpillar Corporate Yellow“, "Power Edge" и Cat „Modern Hex“ како и корпоративниот идентитет и идентитетот на производите кои се користат тука се заштитни знаци на Caterpillar и не смеат да се користат без дозвола.